РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0401-323/1
22.02.2023 год.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), а во согласност со Програмата за ангажирање на невработени лица за 2023 година бр.0801-2549/1 од 13.12.2022 година донесена од Советот на Општина Лозово, Градоначалникот на Општина Лозово распишува

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**до невработени лица за вклучување во Јавни работи**

1.Се повикуваат долгорочно невработените лица, неквалификуваните и полуквалификуваните невработени лица со ниско ниво на образование кои се заинтересирани за вклучување во Јавни работи за период од **10 месеци**, да се пријават во Општина Лозово.

2.Со Програмата се предвидува да се ангажираат 3 лица на кои ќе им се исплаќа надоместок во износ од 18.000,00 денари – нето плата.

3.Работно ангажирање на невработените лица за Јавни работи ќе се спроведува преку Општина Лозово од ЈПКД Лозово.

4.Правата и обврските ќе се уредат со склучување на посебни договори.

5. За време на Јавните работи работно ангажираните невработени лица не ги губат правата по основ на невработеност.

6.Заинтересираните невработени лица од точка 1 од овој Јавен оглас, пријави можат да поднесат од **22.02.2023** најдоцна до **27.02.2023 година** во Општина Лозово.

Пријави во врска со јавниот оглас може да се подигнат од архивата на Општина Лозово

Одлука со Ранг листа на примените лица ќе биде објавен по завршување на огласот на огласната табла на Општина Лозово.

Детални информации можат да се добијат во Општина Лозово, контакт телефон 032/458-458.

ОПШТИНА ЛОЗОВО
Градоначалник

Бошко Цветковски